ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
БР. 05-633/5
24. 10 2019 ГОД.
БИТОЛА

Друштво за трговија на големо и мало и услуги во промет
КОПЕНС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО увоз-извоз
Бр 03-05/3
24.10 2019 год
Скопје

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

склучен на ден 24. 10. 2019 помеѓу следните

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

член 1

ЈП Стрежево - Битола
ул.Булевар 1 ви Мај бр.77 Битола Р.Македонија
застапувано од директорот Методија Граматковски
(во понатамошниот текст - Договорен орган) од една страна

и

**КОПЕНС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО Скопје**
ул.Качанички пат бр.168 Визбегово Скопје
застапувано од
одговорното лице Тони Димитриоски
(во понатамошниот текст- Носител на набавката) од друга страна

**II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР**

член 2

Предмет на овој Договор е јавна набавка на **стоки –Храна за калифорниска пастрмка** за потребите на ЈП Стрежево Битола, согласно понудата на понудувачот по отворена постапка, оглас бр. 06461/2019 од 19.08.2019 год. и тендерската документација.

**III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

член 3

Јазикот на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонски јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

**IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

член 4

Цената на стоката е согласно цената наведена во понудата на носителот на набавката.

Вредноста на договорот изнесува 9.980.000,00 ден., без пресметан ДДВ. Вредноста на ДДВ изнесува 499.000,00 ден.

**V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

член 5

Договорот се склучува на определено време за период од година дена од денот на потпишувањето на истиот од страна на двете договорни страни.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА

член 6

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката која е предмет на договорот сукцесивно по потреба на договорниот орган во рок од 10 (десет) дена од денот на писмена нарачка-локација Рибник при ЈП Стрежево, после склучување на договорот за јавна набавка.

Количините наведени во техничката спецификација се максимални. Договорниот орган не се обврзува во целост да ги набави максималните количини.

## VII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

член 7

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши на следниот начин - вирмански во рок од 30 (триесет) дена од фактурирањето, на сметка и банка за која писмено ќе го извести Носителот на набавката.

## VIII. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА (корекција на цени)

член 8

Не се предвидува корекција на цените. Цените искажани во понудата на Носителот на набавката ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## IX. ГАРАНЦИЈА

член 9

Носителот на набавката гарантира дека ќе ја испорача стоката која што е предмет на договорот, согласно стандардите пропишани со Закон за овој вид на стоки.

## X. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

член 10

За евентуалните квалитативни и квантитативни недостатоци ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Во случај на виша сила меѓусебните права и обврски се преуредуваат, а штетните последици ќе се уредуваат на задоволителен начин за двете страни.

Договорот е составен во четири примероци од кои по два за секоја договорна страна.

Во случај на спор надлежен е Основен суд - Битола.

Подготвил: Марина Димитровска
Контролирал: Томе Иванов
Одобрил: Христиана Голубовиќ

| | |
|---|---|
| Договорен орган | Носител на набавката |
| Директор | |
| Методија Граматковски | Тони Димитриоски |